ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Дата: 28.10.2015

# СООПШТЕНИЕ

## Електронски потврди за редовни студенти за здравствено осигурување

Од минатата учебна година, заклучно со овој месец, Фондот со проектот „Е-потврди за редовни студенти“, овозможи големи придобивки за вкупно 26,481 редовни студенти. Со овој проект, овозможено е секоја нова потврда/промена за редовно школување, Фондот да ја добива по електронски пат од соодветната установа за високо образование.

Порано, потврдата за редовно школување, студентите требаше да ја заверат на студентски прашања, а потоа да ја достават на шалтерите во подрачните служби на ФЗОМ. Со овој проект редовните студенти веќе не губат време по шалтерите за студентски прашања на своите факултети, ниту пак имаат потреба да чекаат ред на шалтерите на подрачната служба на Фондот. Со електронската потврда која ја праќаат високообразовните институции, редовните студенти може да остварат право на здравствено осигурување и да си ги добиваат потребните здравствени услуги.

Придобивки од проектот за факултетите:

- ✓ Заштеда на време и ресурси – потврдата за редовно школување веќе нема да се доставува во хартиена форма до подрачната служба на Фондот туку ќе се евидентира автоматски и во електронска форма.

Придобивки од проектот за редовните студенти:

- ✓ Нема административни формалности и трошоци
- ✓ Континуитет во здравствено осигурување што е основен предуслов за остварување на некои права од здравственото осигурување
- ✓ Заштеда на време потребно за обезбедување на потврдата

Придобивки за Фондот:

- ✓ Намалување на метежот пред шалтерите
- ✓ Извештаи и анализи во реално време за спроведените потврди за редовно школување
- ✓ Зајакнување на контролите и оптимизирање на деловните процеси

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA CERTIFIED EN ISO 9001 CERTIFICATE NO. 20 100 131352879 TÜV AUSTRIA CERT GMBH

**Високообразовните институции со кои Фондот има склучено договор** за размена на податоци за редовни студенти, **доставуваат ажурирани податоци за редовни студенти на веб порталот** на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. **Високообразовните институции** кои имаат потпишано договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија, а не доставиле електронски податоци за редовни студенти, истото да го направат **најдоцна до 31.10.2015** (по завршување на периодот за запишување на семестар).

Во прилогот подолу е листата на високообразовни институции кои имаат потпишано договор со ФЗОМ за електронска обработка на податоци за редовни студенти. Со ова, на студентите, без никакви административни формалности и трошоци им се обезбедува континуирано здравствено осигурување.

| | ***Институција*** |
|---|---|
| **1** | АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ |
| **2** | БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС СКОПЈЕ |
| **3** | ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ |
| **4** | ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ |
| **5** | ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ |
| **6** | ЈУГОИСТОЧНО-ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО |
| **7** | МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ |
| **8** | МЕГУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ ИНСТИТУТ МОСКВА Д.О.О.Е.Л. СВ. НИКОЛЕ |
| **9** | П.В.П.У ЕУРО КОЛЕЏ КУМАНОВО |
| **10** | ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ |
| **11** | СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ УИНТ ОХРИД |
| **12** | СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ |
| **13** | УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН-КОЛЕЏ СКОПЈЕ |
| **14** | УНИВЕРЗИТЕТ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ-МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ |
| **15** | ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ СКОПЈЕ |
| **16** | ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ |
| **17** | ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА СКОПЈЕ |
| **18** | ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ СКОПЈЕ |
| **19** | ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА СКОПЈЕ |
| **20** | ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО СК |
| **21** | ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ СКОПЈЕ |
| **22** | ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ СКОПЈЕ |
| **23** | ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА СКОПЈЕ |
| **24** | ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ |
| **25** | ФИЛОЗОВСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ |
| **26** | ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ БЛАЖЕ КОНЕВСКИ СКОПЈЕ |
| **27** | ФОН УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ |
| **28** | ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ |